# Закон за изменување на Законот за инспекцијата на труд

**Член 1**

Во Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија” број 35/1997, 29/2002, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15 и 147/15), во членот 3-а став 5 во точката 4) точката и запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точка 5) во алинејата 6 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Точката 6) се брише.

**Член 2**

Одредбите од членот 3-а став 5 точка 5) од Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија” број 35/1997, 29/2002, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15 и 147/15), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инспекцијата на труд.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.